**20232033559**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 септември 2023 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ ЗА УВОЗ НА СВЕЖИ ДОМАТИ, КРАСТАВИЦИ И ПИПЕРКИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за намалување на увозните давачки -царинските стапки и посебните давачки при увоз на свежи домати, краставици и пиперки и тоа:

| Тарифна ознака | Наименување | Царинска стапка (во %) |
|---|---|---|
| 0702 00 | Домат, свеж или разладен: | |
| 0702 00 00 11 | - Од 15 март до 31 декември | 10 |
| 0702 00 00 19 | - Од 1 јануари до 14 март | 10 |
| 0707 00 | Краставици и корнишони, свежи или разладени: | |
| | - Краставици: | |
| 0707 00 05 10 | -- Од 15 февруари до 31 октомври | 10 |
| 0707 00 05 90 | -- Од 1 ноември до 14 февруари | 10 |
| 0709 | Друг зеленчук, свеж или разладен: | |
| 0709 60 | - Пиперки од родот Capsicum или од родот Pimenta: | |
| 0709 60 10 00 | -- Слатки пиперки | 10 |
| | -- Друго: | |
| | --- Друго: | |
| 0709 60 99 10 | ---- Од 15 мај до 14 ноември | 10 |
| 0709 60 99 90 | ---- Од 15 ноември до 14 мај | 10 |

Член 2

Стоките од членот 1 од оваа одлука ќе се увезуваат од 1 декември 2023 година до 28 февруари 2024 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9945/4
28 септември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.